SUPPORT TO ELECTORAL REFORMS

ПОДДРШКА НА ИЗБОРНИ РЕФОРМИ
MBËSHTETJE E REFORMAVE ZGJEDHORE

# Анализа на јавното мислење на младите за формирање на Локален младински совет на о.Струмица




Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

**Swiss Agency for Development and Cooperation SDC**

International Foundation for Electoral Systems

# Извештај од спроведена анкета:

# Анализа на јавното мислење на младите за формирање на локален младински совет на о.Струмица

## СОДРЖИНА


**ЦЕЛ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО** ............................................................3

**ВОВЕД И МЕТОДОЛОГИЈА**............................................................3

**ДЕМОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ**............................................................4

**ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА ПОДАТОЦИ**............................................................6

**КЛУЧНИ НАОДИ** ............................................................16

**ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ**............................................................17

**НАОДИ ОД СПРОВЕДЕНИ КООРДИНАТИВНИ СРЕДБИ**.................18

Заклучоци од Прва Координативна средба............................................18

Заклучоци од Втора Координативна средба ............................................19

**АНЕКС I – АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК** ............................................................20

# ЦЕЛ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Центарот за истражување и анализи НОВУС започна со активности во рамки на проектот за мобилизација на заедницата, иновативни иницијативи кои се дел од проектот "Поддршка за изборни реформи во Северна Македонија".

Иницијативата, "Општина по мерка на младите", го следи предизборното ветување на властите, во кое е ветено формирање на Локален младински совет на о.Струмица. Локален младински совет претставува тело на локалната самоуправа кое го сочинуваат млади претставници на различните форми на организирање во Општината, кое има советодавна и застапувачка улога за прашањата од младински интерес во локалната самоуправа.

Целта на истражувањето беше да се утврди јавното мислење на младите од о.Струмица за формирање на претставничко тело кое ќе ги застапува нивните лични интереси.

# ВОВЕД И МЕТОДОЛОГИЈА

За потребите на истражувањето, како метод на прибирање податоци и истражување на јавното мислење се користеше методот на анкетирање со прашалник како квантитативен метод, што послужи за собирање на примарните податоци.

Анкетирањето е спроведено заради генерализација на собраните податоци. За да се спроведе анкетирањето неопходно е претходно да се одлучи каков ќе биде примерокот на истражување. Имајќи предвид дека во овој случај станува збор за конкретна таргет група, природата на квантитативното истражување кое што се спроведува врз младите на возраст од 15 – 29 години, млади кои живеат на територијата на Општина Струмица, вклучувајќи ги младите од урбаните и руралните средини. За податоците да бидат валидни се прави случаен избор на испитаниците како и да се обезбеди репрезентативност на податоци. Во овој случај, имајќи предвид дека повеќето, ако не и сите, од горенаведените услови се исполнети како и дека онлајн анкетирањето е претходно определениот

квантитативен метод, се користеше токму методот на случаен избор како алатка за испитување на јавното мислење што граѓаните во овој случај младите сметаат за предметот на истражувањето во овој случај формирање на локален младински совет на Општина Струмица. Истражувањето вклучи анкетирање со електронски прашалник, по споменатите претходно определени тематски целини дефинирани во самиот повик и проектната активност. Прашалникот содржеше вкупно 16 прашања, од кои имаше соодност на отворени, полуотворени и затворени прашања. Анкетата се спроведе на македонски јазик и анонимно, во текот месец декември 2022 г., преку поставување на истата во електронска верзија на онлајн платформите (фејсбук и инстаграм), веб страната на ЦИА НОВУС, и по мејл со цел постигнување на што поголем одѕив кај младите. За потребите на анкетата во рамки на проектот “Општина по мерка на младите “ за чии потреби беа ангажирани двајца анкетари и еден експерт кој го подготви анкетниот прашалник и обработка на податоците добиени од истиот. Анкетирањето се вршеше преку репрезентативен примерок на популацијата на Општина Струмица каде беа спроведени вкупно 182 прашалници со цел постигнување на релевантна анализа.

## ДЕМОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Во однос на генеричките прашања наменети за обезбедување на демографски податоци, френквентноста на застапеност на лицата во анкетата во однос на пол, возраст, национална припадност, местото на живеење е следна:




Анкетата е спроведена на вкупно 182 испитаници, таргетирани конституенти кои се сметаат за млади според Законот за младинско учество и младински политики односно на возраст од 15 – 29 години. Од вкупниот број на опфатени испитаници беа опфатено вкупно 34,1% млади од возрасната граница 15 – 19 години, 32,4% млади од возрасна група 20 -25 години и 33,5% млади од

возрасната група 26 – 29 години. Со ова може да се заклучи дека сите возрасни групи млади се подеднакво опфатени.




Од вкупниот број на 182 испитаници, половата опфатност е исто така запазена во поголем дел. Од вкупниот број на испитаници 47.8% се испитаници од женски пол и 52,2% испитаници од машки пол.




Во однос на степенот на образование, поголемиот број од испитаниците, односно 50.1% во моментот највисок степен на стекнато образование е средно, без образование се 0,5%, односно 1 испитаник, 3,8% се со основно образование, додека пак со високо образование се 32,4% и процент од 13,2% на постдипломски студии.

Местото на живеење, исто како и половата застапеност, можеме да утврдиме дека соодносот на млади кои одговориле на прашалникот е 44% на млади кои живеат во руралните средини на Општина Струмица и 56% млади кои живеат во град.

**Место на живеење:**




## ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА ПОДАТОЦИ

Во рамки на иницијативата „Општина по мерка на младите“ која е поддржана од проектот „Поддршка на изборните реформи во Северна Македонија“, Центарот за истражување и анализи НОВУС започна со активности во рамки на проектот за мобилизација на заедницата и испитување на јавното мислење на младите кои живеат во Општина Струмица, по однос на предизборните ветувања на избраната локална власт, во чија програма е ветено формирање на Локален Младински Совет на Општина Струмица, тело кое ќе функционира како советодавно и застапувачко тело на младите од општината и ќе функционира во согласност со Законот за младинско учество и младински политики.

Генерален заклучок од анкетното истражување е дека младите од Општина Струмица, **дури 68,1% изрично одговориле дека, младите имаат потреба за нивно претставничко тело кое ќе ги застапува интересите и потребите на младите кои живеат во општината.**

**Дали сметате дека младите во о.Струмица имаат потреба од младинско претставничко тело?**




Последователно на оваа прашање испитаниците беа прашани „Какви младински политики постојат и се спроведуваат во вашата заедница?“, е едно од прашањата на оваа истражување кое според одговорите може да се увиди проблемот на неинформираност на младите од општината по однос на постоење на политики од нивен интерес. Поголем број од младите како одговор на оваа прашање имаат одговорено де ка во Општина Струмица не постојат активни политики за млади кои се спроведуваат. Останатата половина од одговорите на оваа прашање се движат во насока на процесот на носење Локална Младинска Стратегија на о.Струмица кои исто така се и доста надежни во однос на имплементацијата на истата и сметаат дека младите со овој стратешки документ би можеле да го подобрат нивното општо позиционирање и вклученост во заедницата.

При подготовката за истражувањето и креирање на анкетниот прашалник се направија неколку истражувања кои се активни политики за млади ги има општината, не беше спомената политиката и поддршката за

зајакнување на бизнис вештини и претприемништво за младите кој Општина Струмица го спроведува две години под ред, со која мерка и политика се финансираат млади претприемачи.

Одовде би сакале да се надоврземе на следното прашање кое беше поставено во анкетниот прашалник односно „Какви се можностите за младите да учествуваат во животот во заедницата?“. На ова прашање се добиени доста поларизирани . Ако сумираме заклучок по оваа прашање, според одговорите од повеќе испитаници е дека младите имаат можности за учество во животот на заедницата и дека поголемиот дел од нив се вклучуваат или учествуваат на настани и користат можности кои се најчесто овозможени од граѓанските и младинските здруженија. Како дополнување на ова во самите одговори може да се види дека младите се доста пасивни и не изразуваат проактивност кога им се нуди можност за вклучување.

**Во овој дел исто така би сакале да издвоиме некои одговори од прашалникот:**

***„ Има. Најчесто организирани од младински организации“***

***„Прилично се проширени за млади што сакат да се вклучат но мислам дека има проблем а тоа е незаинтересираноста од младите“***

***„Доколку се заинтересирани сите имаат можност.“***

***„ Можностите се супер, само е потребно повеќе слободно време“***

***„Младите се презастапени во игрите на среќа поради тоа што се лесно достапни и плус што нема никакви други спортски активности.“***

***„Не многу големи, но сепак тие имаат можност за учество во заедницата“***

***„Прилично добри но не гледам голема проактивност од младите луге“***

***„Прилично сум изненаден од колку многу активности има за младите и колку многу можности има само за оние кои сакат да се вклучуваат активно."***

***„Можностите за младите да учествуваат во заедницата е минимална и треба да се зголеми, бидејќи секој млад граѓанин во о.Струмица има потенцијал секој во одредена дејност и место, затоа треба некоја слобода и простор да си го остварат тој потенцијал и да го искажат тоа што го мислат за подобра иднина на младите од општината"***

***„Сметам дека има повеќе можности за младите да учествуваат во заедницата, од кои повеќето се однесуваат на учество во иницијативи на невладини организации, кои се во соработка со локалната самоуправа"***

Како надоврзување на претходното прашање, на испитаниците им беа поставени прашањата „Дали сметате дека младите од о.Струмица се доволно вклучени во процесот на донесување на одлуки?" и прашањето „Дали некогаш лично сте биле вклучени во процес на донесување на одлука?", од кои прашања добивме индикации дека поголемиот процент на млади, дури 58,1% и 53,3% од истите се изјасниле негативно по оваа прашање, што ја дава индикацијата и ја потврдува хипотезата на истражувањето дека младите воопшто не се запознаени со процесите на носење одлуки на локално ниво, ниту пак некогаш биле вклучени во такви процеси.






Одовде би сакале да се осврнеме и на целта која ја има истражувањето и иницијативата "Општина по мерка на младите", дека младите треба да бидат движечка сила на заедницата и да бидат мотивирани да се активно вклучени во процесите на носење одлуки. Одовде можеме исто така да го изнесеме заклучокот дека младите исто така не ги следат доволно предизборните но и тековните активности и програми на политичарите, особено активности и политики кои ги засегаат нив лично. Можеби оваа неинформираност се води од хипотезите на недоверба во институциите дека истите можат да им помогнат на младите, или хипотезата дека истите не се транспарентни, или пак хипотезата но и честите коментари од младите дека институциите и носителите на одлуки не користат канали на информирање кои младите ги следат, односно дека истите тие информации кои би можеле да значат активно вклучување на младите во процесите на носење одлуки се недоволно канализирани до младите. На сето ова од одговорите можеме исто така да заклучиме дека по извесен континуиран период на неактивност на младите во процесите на носење одлуки, се приближуваме до период каде што дел од младите праќаат порака дека имаат надеж дека со напорите кои ги прават новите носители на одлуки и функции, може да се актуелизира и да се популизира повторно вклучувањето на младите во процесите на носење одлуки. Ова го покажува фактот што 22,5% од младите кои биле анкетирани односно речиси една четвртина, биле на некој начин вклучени во овие процеси.

Последователно на претходните прашања исто така се навлезе подлабоко на главната цел на ова истражување односно „Дали постои младински совет, парламент или форум во вашата локална заедница? Што знаете за начинот на нивното функционирање?", доаѓаме до заклучок дека младите

генерално не се воопшто запознаени со функционирањето на вакви тела, но и дека не знаат дали постојат истите, што исто така ни претставува индикатор дека локалните власти но и сите други чинители како што се граѓанските здруженија, образовни институции и други ентитети кои примарен таргет им се младите, треба заеднички и поинтензивно да работат на проширување на информации, едуцирање и охрабрување на младите конституенти да формираат или да се вклучат во вакви тела во иднина.

***„Младинскиот совет не е во функција повеќе време, но ни треба младински совет.“***

***„Не знам дали има и како функционира“***

***„Сега како што знам не постои или постои но не е во функција“***

***„Не знам бидејќи не сум била дел од тоа“***

***„Не постои и се уште не знам како функционира“***

Аналогно на одговорите добиени од претходното прашање во анкетниот прашалник прашање кое е од отворен тип, за подобро да ја разбереме фактичката ситуација за познавањето на младите за младинските форми на влијателно здружување, беше поставено прашањето „Дали ја знаете функцијата на Локален младински совет?“, со што се потврдуваат истите и визуелно. На оваа прашање дури 42,2% од испитаниците одговориле дека не се сигурни како истите функционираат и дури 22,4% одговориле дека воопшто не знаат. Одовде се поставува прашањето зошто е тоа така и зошто младите не се запознаени со функцијата на Локален Младински Совет.



После подлабока анализа и размислување за причините за ова, но и консултации со млади кои беа вклучени во истражувањето, наидуваме на заклучок дека причините имаат подлабоки корени и поширок контекст. Генералните забелешки од консултациите се дека доста од младите се збунети и недоволно го познаваат Законот за младинско учество и младински политики кој стапи на сила пред само неколку години, е недоволно промовиран помеѓу младите и фактот што оние кои се задолжени за неговата имплементација, недоволно се грижат да постапуваат по него. Од делот на препознавање на формите на здружување за млади кои влијаат во процесите на носење одлуки, како такви препознаени се само граѓанските здруженија, додека пак концептот на Локален Младински Совет, таков каков што е предвиден во Законот за младинско учество и младински политики е непознат за повеќето млади.

Бидејќи со оваа истражување беше опфатена пошироката возрасна група на млади, односно млади од 15 -29 години, при разгледување и индивидуалните прашалници, беше утврдено дека млади кои биле дел од тела кои имаат слична мисија со Локалниот Младински Совет каков што е утврден според Законот за младинско учество и младински политики, позитивно одговориле само 21,4%. Овој при разгледување на прашалниците беше утврдено дека младите кои одговориле позитивно се млади кои припаѓаат на повозрасната група на млади 25 - 29 години, додека пак младите од останатите две групи одговориле негативно на оваа прашање и тоа дури 77,6% од испитаниците.



Во однос на перцепцијата на пречки за функционирање и формирање на Локален Младински Совет во Општина Струмица, на прашање со повеќе опции за избор, за најголема пречка е перцепирана не заинтересираноста од страна на младите со вкупно 102 одговори, на кои следат не заинтересираноста од страна на властите со 93 одговори, партизацијата со 91 одговор, а како најмала пречка се увидени буџетските средства кои општината ги нуди за формирање и функционирање на Локалниот младински совет.




На прашањето кое следи во однос на гледиштата на младите за придобивките на за формирање на Локален Младински Совет можеме да утврдиме дека најголемата придобивка која младите ја гледаат во однос на постоење на вакво тело е дека истите ќе бидат повеќе вклучени во процесите на донесување на одлуки. Понатаму исто така може да се види дека младите веруваат дека вакво тело би можело да има влијание врз градењето на подобри можности за младите и застапување на нивните интереси и поттикнување на нивната активност. Најмал дел од испитаниците, но сепак повторно висок процент 42,9% од младите сметаат



дека на овој начин истите ќе бидат повеќе вклучени во процесите на носење одлуки.

Оттука при крај на прашалникот беше поставено прашање од отворен карактер каде што испитаниците можат да го изразат своето мислење за формирање на Локален Младински Совет. Од вкупниот број на добиени одговори иако повремено беа оставени одговори во кои може да се види скептицизам кај младите во однос на неговото формирање најчесто од страв од партизација на тоа тело, во главно, речиси 80% од добиените одговори се со позитивни гледишта со генерален заклучок дека на младите им е ите како потребно вакво тело.

***„Според Законот за младински политики секоја општина треба да има локален младински совет, па сметам дека во најбрз рок треба да се формира и во нашата општина“***

***„Би било добро, бидејќи со тоа ќе се поттикнат и мотивираат младите да носат одлуки и даваат иницијативи кои ќе им помогнат и на идните генерации“***

***„Мислам дека е неопходно за младите да бидат вклучени во самото општество.“***

***„Младите ќе научат како правилно да донесуваат одлуки, со стекнатото знаење во младински совет, при застапување на поголема позиција и место ќе знаат како правилно да заземат одреден став за одредена ситуација која е важна за општеството.“***

***„Јас сум за формирање младински совет се додека советот е неутрален од партиски влијанија.“***

***„Ќе успее ако сме сериозни“***

***„Би било голема придобивка за младите и нивно интегрирање "возрасното" општеството и за споделување на нивните мислења и одлуки“***

***„Мислам дека е одлична идеја доколку функционира на правилен начин.“***

***„Според законот за младински политики наведено е дека секоја една општина треба да има и младински центар и локален младински совет во ФУНКЦИЈА, не само на хартија, па затоа е редно време да дадеме малку заангажираниот од наша страна и да притиснеме малку во општината и да почне да се работи на случајот.“***

Ова се само дел од одговорите добиени од анкетниот прашалник. Со ова се дава јасна слика дека младите посакуваат и бараат да имаат глас  во својата заедница. Истиот тој факт се потврдува и со расположеноста на дури 55,1% од испитаниците да бидат дел од Локалниот Младински Совет на Општина Струмица кога ќе се укаже можноста за формирање на истиот.

**Дали би биле дел од Локален Младински Совет, доколку се отвори јавен повик за пријавување?**



# КЛУЧНИ НАОДИ

- Електронскиот прашалник и анкета го одговориле повеќе припадници од машки пол, што може да укажува на тоа дека истите се повеќе респонзивни и заинтересирани за темата која е предмет на оваа истражување.
- Анкетираните се млади на возраст од 15 – 29 години, со најголема респонзивност на припадници од возрасната група 15 – 19 години што исто така покажува на индикатор дека истите тие млади се надежни дека можат да придонесат кон формирање и вклучување во Локалниот Младински Совет на Општина Струмица кога истиот ќе се формира.
- Поголемиот број на учесници во оваа анкета бараат да биде формиран Локален Младински Совет.
- Постои простор за едукација и промоција на придобивките од формирање на Локален Младински Совет.
- Поголемиот број на учесници во оваа анкета никогаш не биле вклучени во процеси на носење одлуки.
- Дискутабилно е прашањето колку младите веруваат дека оваа претставничко тело ќе биде функционално само по себе од причини на недоволно познавање на младите за процесите на носење одлуки и страв од партизација на истото.

# ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

- Иако во последниот период перцепцијата на младите кои живеат во Општина Струмица во однос на климата и можностите за вклучување на младите во процесите на носење одлуки е подобрена до некој степен, сепак како генерален заклучок но и препорака е дека институциите и властите треба да работат поинтензивно на вклучување на младите во процесите на носење одлуки.
- Познавањето на Законот за младинско учество и младински политики помеѓу младите, но и функцијата која советот треба да ја има, претставува предмет на понатамошно постапување и промовирање од страна на сите засегнати страни кои би можеле да бидат вклучени во неговата имплементација. Исто така по ова прашање потребно е да се изврши поголема промоција од страна на телата кои се задолжени за имплементација.
- Потребно е изнаоѓање механизми за подобро информирање на младите кои живеат во Општина Струмица за можностите за нивно вклучување во процесите на носење одлуки, можности кои се достапни за младите но и активни политики за млади кои ги спроведува општината.
- Младите имаат потреба од обуки или тренинзи за застапување и креирање на политики од нивен интерес.
- Младите недоволно се запознаени со предизборните програми и ветувања на локалната власт

# НАОДИ ОД СПРОВЕДЕНИ КООРДИНАТИВНИ СРЕДБИ СО ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ЛОКАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ НА О.СТРУМИЦА

Согласно активностите од иницијативата „Општина по мерка на младите" во рамките на проектот „Поддршка на изборни реформи" на Владата на Швајцарија, имплементиран од Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС) во Општина Струмица беа одржани две координативни средби со локални актери кои се засегнати страни за прашањето за формирање на Локален младински совет. На координативните средби имаа можност да учествуваат средните општински училишта, службеникот за млади од општина Струмица, граѓански организации чија главна цел се младите, институции кои работат со млади, подмладоци од политичките партии и средношколци.

## ПРВА КООРДИНАТИВНА СРЕДБА:

На првата координативна средба со помош на присутните се разговараше за причините поради што о.Струмица нема функционален Локален Младински Совет, а дел од присутните споделија и искуства од единствениот Локален младински совет кој бил формиран во Општина Струмица.

## ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ ОД ПРВАТА КООРДИНАТИВНА СРЕДБА:

1. Има длабока потреба од изнаоѓање начин на младинско информирање.
2. Младите не се незаинтересирани туку се неинформирани за можностите.
3. Потребно е да се дигне културата на младинско учество и да се создаде одреден систем на младинско организирање кој ќе

фунционира со голем број млади од сите средни училишта во о.Струмица.

4. Многу мал број млади се постојано присутни на настани и вклучени во иницијативи што создава грешка слика во очите на другите. Треба поголем број на млади да се вклучат во активности и да се промовира младинското учество.
5. Потребна е младите да земат добри примери од функционирањето на минатиот Локален младински совет затоа што сме меѓу ретките општини што може да се пофали дека го имаше и беше во најдобра функција. Младите да ги разгледат социјалните медии и да најдат што се има правено минатиот Локален младински совет.

## ВТОРА КООРДИНАТИВНА СРЕДБА:

Целта на втората координативна средба беше да се изнајдат и посочат можни решенија и препораки за функционирање на Локалниот младински совет кои би биле корисни за општина Струмица. Како добри примери беа спомнати добри практики од веќе постоечки и функционални младински совети од нашата држава и од други европски земји.

## ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ ОД ВТОРАТА КООРДИНАТИВНА СРЕДБА:

1. Потребна е самоиницијатива кај младите за да функционира советот, а тоа ќе се постигне доколку зад Локалниот младински совет стои некое формирано тело од поискусни и повозрасни луѓе кои се дел од организации а и немора да се, што ќе им помагаат и ќе ги буткаат младите напред.
2. Компетентноста кај младите е најитна за да функционриа советот.
3. Потребно е информациите кои ги објавува општината да се пократки, дискриптивни и лесно достапни за сите граѓани. Тоа може да биде и преку кратки видеа кои ќе ги содржат сите инфрмации и видеото ќе биде објавено на социјалните медии.
4. Да се додаде нов таб на страната на Општината кој ќе известува само за младински повици и активности.

5. За поголема информираност на младите а и на организациите, Општината да иницира средби со младински организации каде ќе им се објасни до каде се процесите и што следува, а потоа ти е да ги споделуваат до младите.
6. Организациите да стапат во контакт само со едно лице од средните училишта кое ќе биде задолжено да ги пренесува повиците и информациите до младите, а и младите ќе можат да се обраќаат до истото лице доколку имаат нејаснотии.
7. За да се подигне културата на младинско учество и активизам потребно е да се одржуваат врснички средби, каде веќе искусни волонтери и активисти ќе споделат сопствено искуство и информации како и останатите можат да се вклучат.

**Оваа Анализа е изработена во рамките на проектот „Поддршка на изборни реформи" на Владата на Швајцарија, имплементиран од Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС). Искажаните ставови, мислења и содржини во оваа Анализа не мора да ги отсликуваат ставовите на донаторот, проектот или имплементаторот. #CHinMK**

# АНЕКС I – АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК

## Истражување на јавното мислење на младите за формирање на локален младински совет на о.Струмица

Центарот за истражување и анализи НОВУС започна со активности во рамки на проектот за мобилизација на заедницата, иновативни иницијативи кои се дел од проектот "Поддршка за изборни реформи во Северна Македонија". Нашата иницијатива, "Општина по мерка на младите", го следи предизборното ветување на властите, во кое е ветено формирање на Локален младински совет на о.Струмица. Локален младински совет претставува тело на локалната самоуправа кое го сочинуваат млади претставници на различните форми на организирање во Општината, кое има советодавна и застапувачка улога за прашањата од младински интерес во локалната самоуправа.

Овој прашалник има за цел да го утврди јавното мислење на младите од о.Струмица за формирање на претставничко тело на младите кое ќе ги застапува нивните лични интереси.

* Required

1. **Возраст:** *

   *Mark only one oval.*

   ◯ 15-19
   ◯ 20-25
   ◯ 26-29

2. **Пол:** *

   *Mark only one oval.*

   ◯ Машки
   ◯ Женски
   ◯ Other: ____________________

3. **Образование:** *

*Mark only one oval.*

- Без образование
- Основно образование
- Средно образование
- Високо образование
- Постдипломски студии
- Other: ____________

4. **Место на живеење** *

*Mark only one oval.*

- Град
- Село

5. **Дали сметате дека младите во о.Струмица имаат потреба од младиснко претставничко тело?** *

*Mark only one oval.*

- да
- не
- не знам
- Other: ____________

6. **Какви младински политики постојат и се спроведуваат во вашата заедница?** *

7. **Какви се можностите за младите да учествуваат во животот во заедницата?** *

8. **Дали постои младински совет, парламент или форум во вашата локална заедница? Што знаете за начинот на нивното функционирање?** *

9. **Дали сметате дека младите од о.Струмица се доволно вклучени во процесот на донесување на одлуки?** *

*Mark only one oval.*

- да
- не
- не знам
- Other: ____________________

10. **Дали некогаш лично сте биле вклучени во процес на донесување на одлука?** *

*Mark only one oval.*

- Да
- Не
- Не памтам
- Other: ____________________

11. **Дали ја знаете функцијата на Локален младински совет?** *

*Mark only one oval.*

- Да
- Не
- Не сум сигурен/на
- Other: ____________________

12. **Дали некогаш сте биле дел од Локалниот младински совет?** *

*Mark only one oval.*

- Да
- Не
- Other: ____________________

13. **Која е најголемата пречка, според вас, за да се формира Локален Младиснки Совет во о.Струмица?** *

*Check all that apply.*

- [ ] Партизација
- [ ] Не заинтересираноста на младите
- [ ] Не заинтересираност од страна на власти
- [ ] Буџет
- [ ] Other: ______________________

14. **Според вас, кој се придобивки за формирање на локален младински совет?** *

*Check all that apply.*

- [ ] поголема вклученост на младите во процес на донесување на одлуки
- [ ] поголема вклученост на младите во младински политики
- [ ] застапување на интересите на младите
- [ ] активни млади
- [ ] градење на подобри можности за младите
- [ ] Other: ______________________

15. **Кое е вашето мислење за формирање на Локален Младиснки Совет?** *

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

16. **Дали би биле дел од Локален Младински Совет, доколку се отвори јавен повик за пријавување?** *

*Mark only one oval.*

- Да
- Не
- Other: ______________________________

17. **Дополнителни прашања/коментари**

______________________________

______________________________

______________________________

______________________________

______________________________